# 134. КАДЕ ОДИШ ДАДО, ТАМ НА НАДОЛУ

Крај: Тиквеш, Кавадарци
Пеел: Боро Димитров
Роден: Кавадарци, 1937 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 215/2
Снимена: Кавадарци, Тиквеш
24 ноември 1958 год.
Мелограф.: Скопје, 19.05.1964.




1. Каде одиш дадо, там на надолу,
   тамо на надолу, *Илинко дадо?*

2. Шума ќе си берам, терзиче младо.
   Зошто ви е шума, Илинко дадо?

3. Буби ќе си ранам, терзиче младо.
   Зошто ти се буби, Илинко дадо?

4. Свила ќе си правам, терзиче младо.
   Зошто ти е свила, Илинко дадо?

5. Руба ќе си правам, терзиче младо.
   Зошто ти е руба, Илинко дадо?

6. Мислам да се мажам, терзиче младо,
   тебе ќе те земам, терзиче младо.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978.